Врз основа на член 108, член 113, член 122 и член 127 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019), Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 229/2020) ООУ „Крсте Мисирков“ – Куманово го изготвувам следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

Годишниот извештај има за цел да согледа дали планираните подрачја од Годишната програма на училиштето се реализирани, ако не се во целост да се согледаат причините за нивно не целосно реализирање како и да се согледаат потешкотиите во работата и изнајдат начини за нивно надминување.

## 2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА

2.1 Основното училиште „Крсте Мисирков” - Куманово е самостојно училиште кое е лоцирано во центарот на градот. Училиштето ги остварува воспитно - образовните задачи со децата од 6-15 годишна возраст од реонот кој му е доделен со реонизација од Собрание на Општината бидејќи

училишната зграда се наоѓа во центарот на градот, односно во средиштето на реонот што му припаѓа на училиштето.

2.2 Општинското основно училиште „Крсте Мисирков” – Куманово е со петтостепена развиеност и во секоја генерација има по пет паралелки.

2.3 Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик, а училиштето работи во една смена.

2.4 Во извештајниот период училиштето настојуваше да ги оствари воспитно-образовните работни задачи што му ги поставуваше наставниот план и програма и општествената заедница планирајќи и реализирајќи ја наставата според новата концепција од I до VI одделение и според концепциите за вонаставни активности и концепција за инклузивно образование. Пред почетокот на учебната 2023/2024 година беа направени сите можни подготовки согласно материјалните можности за нормално одвивање на воспитно - образовната работа во училиштето.

Наставата се изведуваше во три училишни згради.

Се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите три училишни згради. Варосани и уредени беа ѕидовите на сите училници освен на училниците од вториот кат во централната зграда кои не беа во употреба. Во зграда на „Тане Георгиев“ редовно работат осум паралелки, а оваа учебна година започнаа со работа четири паралелки од второ одделение и четири паралеки од четврто одделение. Во зградата на улица „Тонко Димков“ работат девет паралелки и тоа по една паралелка од прво до четврто одделение и сите пет паралелки од петто. Во централната зграда со работа започнаа сите паралеки од шесто до деветто и четири паралки од прво одделение. Четири паралелки од трето одделение ја започнаа учебната година во просториите на СОУ„Гоце Делчев“-Гимназија. Пред почетокот на учебната 2023/2024 година беа направени подготовки кои училиштето требаше да ги реализира со поддршка на МОН. Се продолжи со започната реконструкција на кровот на централната училишна зграда која заврши до крајот на првото полугодие. Во текот на зимскиот распуст се заврши и со реновирање на таваниците на сите 10 училници на вториот кат. Во текот на третото тримесечје од оваа учебна 2023-24 година наставата продолжи да се реализира непречено во реновираните и исчистени училници. Учениците од осмо и деветто одделение се вратија во училниците на вториот кат од главната зграда. Учениците од трето одделение од просториите на Гимназија се вратија во зградата на ул.„Тане Георгиевски“, а учениците од второ одд.во крилото на централната зграда со влез на север.

Од сопствени средства на училиштето, со финансиска подршка од општината и УСК Крсте Мисирков комплетно е реновирана малата училишна сала: кровна конструкција, санитарии, нов под, нова соблекувална, осветлување и варосување. Подобрено е и осветлувањето со еколошки светилки. Поставено е ново осветлување за централната зграда, зградата на улица „Тане Георгиев“ како и за просториите за прво и второ одделение. Во соработка на Училишниот Спортски Клуб со Спортски Клубови и Здруженија на заеднички активности во мала сала набавени се спортски реквизити и помагала за настава по физичко и здравствено образование во тандем настава во сите три згради, како и за активности на

училишниот спортски клуб во Забавен училишен спорт.Обезбедена е портабл смарт табла, која ќе ја употребуваат сите паралелки од прво одделение.

Имаме оформено и кабинет по информатика со 28 работни станици и smart board- паметна табла, кои ги користат и професорите за нивно усовршување. Воедно имаме опремено и ИКТ кабинет, кој е наменет за сите предметни наставници. Во кабинетот се лоцирани 28 работни станици и ЛЦД проектор. Во наставничката канцеларија набавен е SMART TV и Smart табла кои се наменети за презентации на Наставнички совети, Одделенски совети, Совет на родители, за седници на Училишниот одбор, разновидни едукативни обуки, седници на Ученички парламент, стручни активи за наставниците и презентации за учениците.

2.5Хигиенско-естетската, содржинската и функционалната уреденост и обликуваност на внатрешниот простор според услови во кои се наоѓаме е солидна. За да хигиенско-естетска, содржинска и функционална уреденост и обликуваност на внатрешниот простор биде на ниво како што сакаат вработените се прават постојано подобрувања колку е во можност училиштето со достапните средства. За зачувување на училишниот мебел училиштето има изготвено Правилник за однесување, пофалување и казнување на несоодветно однесување. Дворот кај централната зграда е солидно хортикултурно уреден, а задниот дел од дворот е асфалтиран и се обележани спортски терени за ракомет, кошарка и мал фудбал. Исто така се уредува и просторот до спортската сала, во тревниот дел се користи поставената т.н *„Смарт градина*“. Во училниците три пати се извршени дезинсекција ,дезинфекција и дератизација од страна на надлежни служби. Училишниот двор е естетки уреден со неколку организирани акции во кои се засадени повеќе садници листопадни дрвја, зимзелени дрвја и рози.

2.7 Во воспитно - образовниот процес на 45 паралелки со одделенска и предметна настава работат 60 наставници, 1 педагог, 1 библиотекар, 1 психолог, 1 дефектолог, 1 директор на училиште, 1 пом.директор и 14 работници од административно - технички персонал или во училиштето има вкупно 76 работници. Учебната година започна на 1.9.2023 година. Имено, во прво одделение со шест години работат 1 наставничка по предучилишно воспитание со завршена Педагошка академија и 4 наставника со завршен Педагошки факултет - одделенска настава. Одделенска настава ја изведуваат 20 наставници од кои 2 со ПА - одделенска настава и 18 со Педагошки или Филозофски факултет. Предметната настава ја реализираат 35 наставника и тоа: 28 професори, 2 наставници кои се во редовен работен однос и 3 професори кои дополнуваат часови во нашето училиште по предметите: ликовно образование, природни науки и изборен предмет. Според тоа сите часови од сите наставни предмети се застапени од стручни наставници. Распоредот

на часовите е изготвен од првиот работен ден и е во функција на наставата.

## 3. ПОДГОТВЕНОСТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

3.1 Материјално-техничката подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година се состоеше од варосување на училниците во горната зграда, ходниците и металната ограда на скалите. Училишниот двор се исчисти од шут и целосно се осветли со што се подобри безбедноста на учениците.

3.2 Доставувањето на бесплатни учебници во библиотеката и до учениците се одвиваше организирано .Дел од учебниците што беа нарачани ,не беа доставени до училиштет.

3.2 Пред почетокот на учебната година, Наставничкиот совет одржа седница и изврши распределба на предмети, паралелки и одделенско раководство за учебната 2023/2024 година**.** Исто така се направи распоред и се формираа комисии и тимови со задолженија за поддршка и работа со ученички организации, секции, друштва и слично, со цел успешно реализирање на воспитно- образовниот процес.

Годишната програма како прилог ги содржи и програмите за работа на наставнички совет, директорот, стручната служба, стручните активи и другите планирања.

Секој од наставниците за своето задолжение изготвува програма за работа и по еден примерок од таа програма е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, која е благовремено изготвена, разгледана и усвоена од стручните органи и доставена до Бирото за развој на образованието и Советот на Општина Куманово.

## 4. ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

4.1 Годишна програма за работа на училиштето:

а) Годишна програма за работа на училиштето е донесена на седница на Училишен одбор и ги опфаќа следните структурални подрачја:

- Вовед;

- Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето;
- Настава;
- Вонnаставни активности;
- Грижа за здравјето на учениците;
- Соработка со локалната средина;
- Следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната дејност;
- Стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници;

б) Тргнувајки од структуралните подрачја на Годишната програма за работа на ООУ „Крсте Мисирков“ и утврдените приоритети и тежишни задачи за секое структурално подрачје пооделно се реализирани и тоа:

Реализација на сите оперативни програми по сите подрачја кои се опфатени во Годишната програма за работа на училиштето се наоѓат како документи во училиштето;

Во Годишната програма за работа на училиштето како приоритети беа предвидени следниве активности: Обука на наставници за работа со помош на интернет платформи. Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми). Изработка на Индивидуални образовни планови за работа со деца со посебни образовни потреби (ИОП). Реконструкција на дел од оградата околу училиштето во соработка со основачот на училиштето поради подобра безбедност. Реновирање на спортската сала. Уредување на спортски рекреативни катчиња за ученици во Централана зграда и во зграда на ул.„Тонко Димков“.

Врз основа на планираното, реализирано е:

- Во делот на планираните обуки се реализираше проект„Размисли пред да кликнеш“ со кој беа опфатени сите наставници од училиштето. Во проектот беа вклучени по два ученика од секоја паралелка од шесто до деветто одделение кои реализираа дисеминација на стекнатото знаење во своите паралелки.

-Во делот со работа со ученици со посебни образовни потреби се реализираше училишна обука од страна на УИТ за диференцирани стратегии и стандарди за работа со ученици според нивни потреби при што беше опфатено и формативното

оценување. Се реализираше и обука за изработка на ИПО и Модифицирана наставна програма. Се изработија ИОП и МНП според потребите на учениците и целосно се почитуваа чекорите од концепцијата.

- Наставниците ги посетија и обуките организирани од БРО ,а одберени од самите наставници.

- Реконструиран е дел од оградата околу училиштето во соработка со основачот на училиштето поради подобра безбедност. Реконструиран е дел од оградата на северната страна од училиштето.

- Во врска со предвиденото реновирање на спортската сала изработен е проект план и аплицирано е до Североисточен плански регион, па со реновирањето треба да се започне во 2025 година. Уредено е рекреативно катче Болдеркарпа за спортско качување.

Врз основа на тоа се подобри наставата со учениците со посебни потреби како и настава по Физичко и здравствено образование . Осовремена е и наставата по одделни предмети преку имплементирање на стекнатите знаења и искуства од обуките во самата настава.Подобрена е безбедност на учениците во училишниот двор и подигната е свеста за безбедно користење на интернетот. Учениците стекнаа информации како да се грижат за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација.

* Во делот „Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето“ приоритетите и тежишните задачи групирани во шест точки се реализираат и тоа:

* Наставата по задолжителни и изборни предмети се реализираше со употреба на современи наставни средства и помагала и тоа паметна табла во ИКТ и портабл паметна табла, ЛЦД проектори, како и со употреба на нови иновативни приоди. Мора да потенцираме дека за реализација на новата концепција и користење на подготвените е материјали по одделни предмети неопходно е во секоја училница да биде поставена смарт табла. Оваа не е предвидено со Годишната програма но е неопходно за целосно искористување на сите можности што ги нуди новата концепција, поконкретно користење на подготвените е учебници и материјали за време на часовите.

* Приоритетни задачи во организирањето на дополнителна настава обезбедија индивидуален пристап кон секој ученик согледувајќи ги на тој начин поединечните случаи и нивните проблеми во процесот на учењето со тенденција на разрешување на

негативните појави и аномалии во учењето на учениците кои имаа проблеми во истото резултираше со мал број на ученици кои го повторуваа одделението.

* Приоритетни задачи во организирањето на воннаставни активности беше нивната реорганизација, почитувајќи ги барањата и иницијативите на учениците и родителите во реализирање на воннаставни активности. Во училиштето се планиараа и реализираа повеќ е еднократни работилници, акции и настани но училиштето треба да изнајде начин за поголем интерес на учениците за вклучување во долгорочни воннаставни активности/ секции за проширување и продлабочување на знаења по одделни предмети.

* Приоритетна задача е континуирано збогатување на постојната соработка со локалната средина, а пред се со родителите за да преку нив и нивни работни организации и установи училиштето се претстави во вистинско светло како реномирана воспитно-образовна установа. Со отворање на училишните врати за соработка се отвараат нови позитивни можности за збогатување и осовременување на условите за работа, а пред се осовременување на самата настава и воспитната компонента во неа како и превентивното делување и сузбивање на девијантни појави кај младите генерации.  Училиштето со неколку наставници и ученици го претставуваа училиштето во рамки на бившите југословенски републики. Училиштето учествуваше и во Еразмус проекти.

* Во делот следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа тежишните задачи беа реализирани преку размената на искуства меѓу наставниците од самото училиште со други училишта од градот.

* Во рамките на стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници приоритетна задача беше да им се обезбеди редовна набавка на стручна литература, посета на семинари организирани од страна на Биро за развој на образование, како и од страна на одредени домашни и странски акредитирани организации кои со дозвола од Министерството за образование и наука аплицираат за одредени проекти во училиштата.

в) Што се однесува до реализација на редовната настава и настава од други воннаставни подрачја за крајот на учебната 2023/2024 година се реализирани 180 наставни дена.

4.2 Планирање и реализација на наставата:

а) Редовна настава-задолжителни предмети

Според наставниот план и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година беа реализирани сите часови. Нереализираниот фонд на часови се должи на наставните денови кога наставата не се изведуваше по повод: Патрониот празник на училиштето, еднодневен излет и планирани и изведени научни екскурзии за одделни генерации.

б) Настава по изборни предмети

Според интересите на учениците од трето до шесто одделение им е понуден изборен предмет Јазикот и културата на Ромите и Јазик и култура на Србите кој би го изучувале како дополнителен. Во училиштето по добиена согласност од родител изборниот предмет Јазик и култура на Ромите го изучуваат 8 ученика, а Јазик и култура на Србите го изучуваат 20 ученика. Во четврто и петто одделение според избор на учениците изборни предмети се: Сликање, цртање, вајарство;Театар во училница; Оригами и МИО. Во шесто одделение од понудените предмети секој ученик избра два , по еден за секое полугодие, па според нивниот избор се рализира настава по следниве изборни предмети: „Фотографија“ , „Цивилизациски развој кај народите“ , „ Базични права и слободи на човекот“ и „Религиите во светот“, додека во седмо, осмо и деветто одделение се воведени група од изборни предмети, за кои учениците избираа по еден предмет така што во нашето училиште се определија да ги изучуваат предметите: Проекти од музичка култура, Проекти од ликовна култура, Изборен спорт, Програмирање и Техничко образование.

в) Реализација на развојно - истражувачки проекти и други иновации

- „Безбедни училишта“,
- „Еко-училиште“,
- „Примена на асистивна технологија во работа со деца со посебни потреби“,
- „Меѓуетничка интеграција во образованието“,
- Проектот „Актиланг”- за француски јазик
- Проект Размисли пред да кликнеш *Think before you click* во соработка со Граѓански Центар Активум
- Еразмус Име на проект: Легенди – Legend of us

Парнери од Турција, Германија и Малта

Short term.project, small budget, 23-24 година

4.3 <u>Планирање и реализација на воннаставна дејност:</u>

Воннаставните активности се планираат во согласност со концепцијата за воннаставни активности. Им се нудеа на учениците и се реализираа според нивен интерес.

20% од учениците се вклучени во активностите што ги нуди Училишниот спортски клуб. Дел од учениците беа вклучени во Фото секција, Клуб по англиски јазик, Библиотекарска секција. Скоро сите ученици беа вклучени во еднократни работилници на ниво на ученички заедници. Како вид на воннаставна активност функционираше и Ученичкиот парламент со реализирани 7 активности во текот на учебната година на нивна иницијатива.

Според бројот на реализирани секции согледуваме дека училиштето треба да испланира и реализира активности за мотивирање на учениците за помасовноно вклучување во долгорочни воннаставни активности.Во училиштето се реализираат голем број на еднократни работилници.

Оваа учебна година Ученичкиот парламент спроведе анккета за  да се соберат информации кои ќе се искористат за листата на воннаставни активности кои ќе ги понуди училиштето според интересот на учениците. Воннаставни активности за кои учениците покажале најголем интерес се :„Спорт и

спортски активности со топка“, „Фотографирање“, „Ликовна уметност“ и „ Јас и здравјето,здраво живеење“

Училиштето организираше 3 хуманитарни акции. Сите активности се реализираат со заедничко учество на учениците, наставниците и родителите и сето тоа со цел развивање хумани, креативни, инвентивни личности способни активно да се вклучат во животот на заедницата. Акцијата во октомври беше за собирање парични средства за лекување на болно дете. Имаше и акција иницирана од Училишниот парламент во соработка со родителот на починат ученик од нашето училиште, кој беше љубител на кошарката, па во негова чест се реализираше кошаркарски турнир и хуманитарна акција за парична помош на семејството за уредување на гробно место. Училишниот парламент организираше и хуманитарна акција за донирање на облека во Црвен крст.

г) Производствена и друга општествено- корисна работа

Предвидените активности за одржување на училници, училишна зграда и двор, како и часови за собирни акции во целост се реализирани.

д) Ученички екскурзии

Во текот на оваа учебна година беа реализирани екскурзии и тоа:

- Настава во природа за учениците од V одделение
- Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение
- Тродневна екскурзија за учениците од IX одделение

<u>4.4 Грижа за здравјето на учениците:</u>

Здравствената заштита и здравствено осигурување е реализирано во целост спрема планираните активности во Годишната програма, распоредени на нивоа на секое одделение. Освен тоа, во основното училиште заштитата и унапредувањето на здравјето на

учениците се оствaруваше и преку предавања во соработка со „Црвен крст“ Куманово и со редовни лекарски и систематски прегледи, а доколку имаше потреба, се превземаа и други соодветрни мерки. Едукативно предавање од „Црвен Крст“ – Куманово, за пороците на денешницата; Предавање за правилно возење на велосипед за ученици од V одделение;

## 4.5 Јавна и културна дејност:

Во рамките на јавна и културна дејност училиштето во целост се залагаше за афирмација и збогатување на културниот живот во реонот каде што делува. Сите активности во чест на Патрониот празник кои беа предвидени се реализираа.Учествувавме и на манифестации организирани од Локалната средина.

Во рамките на својата воспитно-образовна дејност, училиштето организираше културни и образовни активности и се вклучи во културните и образовните потреби на локалната средина. Овие активности се реализираа во тесна соработка со надворешни соработници како што се: родителите на учениците, други воспитно-образовни и културни установи, производствени претпријатија, општествени организации, сојузи, професионални здруженија и сл.

Првиот училишен ден нашето училиште организираше Свечен прием за првачињата – најмалите ученици во училшниот двор на главната зграда организиран од наставниците од прво одделение одделение и учениците од шесто одделение.

На 16.септември се одбележуваат 100 години од постоење на АВИЈАЦИЈА во Македонија. По тој повод се потсетуваме на посетата на Аеро клуб Куманово што се реализираше со учениците и наставниците од IV одд. во јуни 2023 год. Голема благодарност до членовите на аеро клубот за исцрпната презентација, за секој одговор на поставените прашања и можноста на момент учениците да се почувствуваат како вистински пилоти.
На 18.септември во нашето училиште беше одржана работилница на тема: "Безбедно дома и на улица" со учениците од прво одделение. Работилницата беше организирана од страна на Отсек за превенција и Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво. Ја продолжуваме соработката и ќе дискутираме и одржуваме работилници и на други актуелни теми кои ги засегаат нашите ученици.

На 21.септември се реализираа *Спортски активности* со учениците од V одд. по повод Европска недела на спортот во организација на Агенција за млади и спорт и Општински сојуз на училишен спорт во соработка со Општина Куманово.

"Шах од мали нозе"

Учениците од I б одд. и нивната наставничка од 26 септември ќе се дружат со шаховската табла и преку шахот ќе ги развиваат когнитивните способности.

Првата шаховска партија имаа чест да ја одиграат со претседателот на ГШК Куманово, Сања Трајковска.

На **27.септември** под менторство на наставникот Бранкица Георгиевска во I а одд. се одржа предавање од страна на доктор стоматолог Мартина Цонкинска Арсовска. на тема „Правилна нега на забите до здрава насмевка“. Учениците имаа можност да слушнат и научат нешто повеќе за забите, како правилно да се грижат за нив и да одржуваат редовна хигиена. Научија многу нови работи и дадоа ветување дека редовно и правилно ќе се грижат за своите заби. По предавањето на учениците им беа подарени пасти за заби.

**2. октомври** -Неделата на детето ја започнавме со една од омилените активности - цртање со креди во боја. Секое дете има право на: образование, слобода на изразување, игра.

Ученици од Vб одд.

Наставник: Хилда Димитриевска

3.октомври- Учениците од IIд одд.со свој отпечаток испратија љубов, радост и среќа до сите деца во светот. *Детето има право на образование, среќно детство и слобода на изразување.*

Наставник: Анета Серафимовиќ- Стојковска

3.октомври Изборот на професија е една од најважните одлуки во животот на една личност.

-Секој ученик има желба-Кога ќе пораснам сакам да бидам....

Поради оваа цел учениците од IIIд одделение под менторство на наставникот Маја Пандуревиќ по предметот општество за прва тема „Учам, учествувам, успевам“ и наставна содржина „Образованието и идната професија“ имаа можност да се запознаат со две професии претставени од родителите во истото одделение.

Благодарност до родител - доктор Магдалена Алексовски која присуствуваше на часот по општество и родител-пожарникар Филип Костовски кој ни овозможи посета на противпожарна станица во Куманово.

2.Активности-Недела на детето

-Секое дете има право на образование.

-Секое дете има право на другарување со другарчињата.

03.октомври-Во рамките на „европските денови на културното наследство“

Н.У. Музеј Куманово организираше забавно – едукативен квиз наречен „Археосфера-М“. Во квизот учество зедоа седмоodеленци од четириосновни училишта, кои минатата година учеле класична култура во европската цивилизација. Низ едно авантуристичко патување околу светот, среќавање со разни митолошки суштества, разни артефакти, локалитети, уметнички творби и други занимливости учениците во неколку етапи мораа да поминат низ играта. Додека се натпреваруваа во темата од светката и домашна археологија, тие и научија многу нови и интересни нешта. Сите учесници покажаа особен интерес и знаење од областа на класичната култура, а од редовите на нашето училиште во финалната игра влезе Роко Шуниќ, кој се здоби со благодарница и награда од „Медеа кристалс“.

05.октомври- „Дајте му на детето насмевка, тоа ќе ви ја даде душата.“ – Доситеј Обрадовиќ

Активности по повод Детска недела на детето.

Обработка на текстот „Ново другарство“ по македонски јазик.

Користење техника -Тркало на прашања

Дискусија за другарство со учениците. Што претставува другарството? Поттикнување на соработка, меѓусебно помагање, активно слушање и вклучување на сите ученици во активноста. Секое дете има право на игра, образование, право на свое мислење и почитување на туѓото мислење.

Ученици: Vв одд.

Наставник: Анета Станковиќ- Јанковска

05.октомври-По повод Недела на детето беше организиран прием за ученици кај градоначалникот на Општина Куманово, г-нот Максим Димитриевски. Од нашето училиште на приемот присуствуваа ученици од Iв одделение заедно со наставничката Александра Ристовска и в.д. Директор Гордана Грговска.

05.октомври- Светски ден на учителот

„Зад секој голем човек стои голем учител“

Искрена детска насмевка и топла прегратка е најголемиот подарок за учителката.

Учениците од IIIa одделение им го честитаат празникот на сите просветни работници.

Наставник: Габриела Тодоровиќ

05.октомври „Човештвото им должи на децата се најдобро што може да им се даде“ -Декларација за правата на децата.

Под мотото: „Различни, а сепак исти“- учениците од IIIа одд. реализираа повеќе активности и научија што претставува другарството, вземното почитување и помагање.

-Сите сме различни, но ги имаме истите права за достоен живот, среќно детство и многу љубов.

Наставник: Габриела Тодоровиќ

05.октомври-„„Другарот е едно од најдобрите нешта што можете да ги имате и едно од најдобрите нешта што можете да бидете.“ – Даглас Пеглс

Краток документарен филм за другарство со учениччките од генерација трето одделение по повод детска недела

06.октомври-Вредните раце и умните главчиња на учениците од IVд одделение со креативни, ликовни и литературни работилници го одбележаа *Денот на учителот и Недела на детето.*

Слобода на изразување, почитување на детските права, "Мојата учителка" инспирација за нивните творби и изработки.

Наставник: Ивана Ивановска -Пешиќ.

06.октомври- Прием во *Детска организација* на ученици од I одделение

Учиме за права и должности на детето.

06.октомври-Подготовки за прием на првачиња во Детска организација.

Va одд. Наставник: Сузана Велковска

06.октомври-Креативен хаос по повод „Недела на детето" во училницата на IVб одд. на одд.раководител Станче Штерјовска. Учиме за нашите права, но и за нашата одговорност. Под мотото „Различни, а сепак исти" креативно се изразувавме, но и научивме дека сепак сите сме луѓе.

06.октомври-*"Различни, а исти"* - работилница по повод Недела на детето, на која се работеше за промоција и афирмација на детските права и должности преку изработка на пароли. На работилницата учествуваа ученици од петто одделение од ООУ „Крсте Мисирков" - Куманово, со учителка Хилда Манојловска - Димитриевска.

07.октомври –Пригодно одбележување на „Детска недела" од страна на ученици од IIа одд. Многу радости, музика, спортување, креативност, се' за нашите ученици

Наставник: Веридијана Божиновска

09.октомври- Учениците од трето до деветo одделение под менторство на наставниците по физичко и здравствено образование: Фика Дамњановска, Магдалена Ѓорѓевиќ Строимановска, Стефан Божичкивиќ, Марко Милошевски и Фидан Арсовкси беа дел од спортските игри по повод одбележување на *Европскиот Ден на Спортот* во Училиштата 2023.

10.октомври- По повод патрониот празник на училиштето "11 Октомври" традиционално се одржа детска ликовна колонија на тема *"Учиме, растеме, славиме*" на кој зедоа учество училишта од нашиот град. Како претставници од нашето училиште беа Уна Трајковска и Моника Мишевска и се претставија со прекрасни творби. За најуспешна творба (1 МЕСТО) беше прогласена творбата на ученичката Уна Трајковска.

10.октомври-За историското минато на нашиот народ, за храброста и патриотизмот на хероите од нашиот град треба да се учи и знае од најмала возраст.

По повод "11Октомври- *Ден на востание на македонскиот народ",* ученици од II, III и V одд. со нивните наставнички положија цвеќе и се поклонија пред споменикот на Магдалена Антова

10.октомври- Почит со полагање на свежо цвеќе изразија учениците од IV одделение заедно со нивните наставнички при посета на бистата на паднати борци од НОБ по повод 11Октомври- *Ден на востанието на македонскиот народ*.

12.октомври- Проект "Музејска едукација и популаризација на културното наследство, за деца на училишна возраст"

НУ Музеј на РС Македонија -Скопје одржа предавање пред учениците од IV и Vодд. за нашата култура и традиција на теми:

-*"Народни носии"*

-*"Народна архитектура"*

-*"Настанување на парите и парите во нашата држава "*

*11. октомври* – на Меѓународниот атлетски митинг „11 Октомври“ што се одржа на 9-ти октомври на атлетска патека во Соколана, повеќе наши ученици учествуваа на детски трки во категорија на соодветно на својата возраст ( одделение). Најуспешни беа Стефан Ивановски (3а) 1-во место на трка на 60м за 3-то одделение, Никита димовски 3-то место на тррка на 60м за 7-мо одделение. Ведран Николовски (8г) 1-во, Алек Кипријановски (8б) 3-то место за категорија 8-мо одделение во трка на 60м, Петар Груевски 2-ро место на трка на 60м со пречки за 6-то одделение.

16.октомври- Здрава храна за детство без мана"

Овошје, зеленчук, житарици јади секој ден и биди здрав како дрен.

Учениците од одделенска настава го одбележаа "*Меѓународниот ден на храната"* со неколку активности.

21.октомври- Отсек за превенција од СВР Куманово и Општински совет за превенција на детско претстапништво организираа *"Игри без граници"* за ученици I-III одд. од основните училишта во општината под мото *"Децата и полицијата"*. Преку игра, забава и дружење поминаа игрите низ повеќе дисциплини, а учениците се здобија со благодарници за активно учество.

23.октомври- Едукативна планинарска тура со водичите на ЗПЗП Козјак Куманово на „Студена Вода“ каде пто 27 ученика од 8 и 9 одд се запознаа со основите на организирано планинарење.

24.октомври- ООУ”Крсте Мисирков “ е дел од мрежата *“J'aime le français”*.На 17 октомври 2023 се одржа годишна средба на мрежата „Го сакам францускиот јазик“, во присуство на Амбасадорот на Франција, општинските градоначалници, професорите по француски јазик и ученици на која беше претставена програма која предвидува бројни проекти, педагошки и културни активности.

25.октомври- Децата од IIIг. одделение со наставничката Мерлин Стојановска од нашето училиште растеа во шампиони.

НЛБ Банка и Отворени Забавни Фудбалски Школи, со поддршка на општина Куманово реализираа спортска активност од проектот *"Растеме во Шампиони"* со учество на стотина дечиња предводени од нивните наставници . Прекрасно дружење, забава и спортски содржини на која имаше присуство на многу родители, баби и дедовци, спортски работници меѓу кои и познати спортисти-амбасадори од Куманово .

03.ноември-Нашето училиште се вклучи во традиционалната кампања *,,Месец на штедење*" во организација на НЛБ Тутунска банка. Во кампањата учествуваа 40 училишта од Македонија со над 2000 цртежи. Среќен добитник на наградата во вредност од 3000 ден од нашето училиште е Дина Дилевска, ученичка од IVб одд. под менторство на наставничката Станче Штерјовска.

10.ноември-По повод Ден на градот "11 Ноември" денес (петок 10.11.2023) се одржа истоимената традиционална улична трка.

На оваа трка земаат учество ученици од 3-то до 9-то одд одделно по возрасни категории, менторирани од своите професори. Нашите ученици се закитија со повеќе медали и одлични пласмани.

Натпреварот беше во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на град Куманово, под покровителство на Општина Куманово.

Трките се трчаа во центарот до главниот плоштад.

13.ноември- На Отвореното Градско Првенство за Млади во Шах до 12 и до 18 години кое се одржа на 11 ноември во Куманово во организација на Шаховска Федерација на Македонија и Шаховски Клуб Куманово нашето училиште учествуваше со ученици во сите категории У8, У10, У12, У14, У16 и У18. Сите учесници постигнаа солидни резултати, а Тамара Јовановска од 9г го освои првото место во женска конкуренција до 18 години. Ментор: Сања Јовановска.

10.ноември По повод Патрониот празник на нашето училиште во просториите на ООУ „Крсте Мисирков” се одржаа натпревари по предметот *Историја*

*11.ноември* По повод Ден на градот 11-ти ноември во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт под покровителство на општина Куманово се одржа традиционалната Улична трка „ 11 Ноември“ за училиштата од Куманово на која земаа учество и наши ученици од 3-то до 9-то одделение. Трките се одржаа на 10-ти ноември во центарот на Куманово.

Стефан Ивановски освои 1-во место на трка на 200м за 3-то одделение. Анисија Божиновска на трка на 150м за 3-то одделние освои 3-то место, а Теа Голубовиќ -4-то место. Исто 4-то место ама за 5-то одделение освои Ива Гвозденовиќ. Во трка за 8-9 одделение Ведран Николовски освои 1-во место, а Алек Кипријановски 3-то место. Вкупно учествуваа 290 ученици по претходна ограничена пријава.

15.ноември- Во организација на професорките Ивана Стошиќ и Мима Костиќ се направи граѓанска иницијатива, хуманитарна акција "Добро дело за повозрасните сограѓани". Ученици од VI в и VII в одделение го посетија Домот за стари лица "Зафир Сајто" заедно со професорките, разговараа со корисниците и им ја поделија помошта. Убаво си поминаа и стекнаа волонтерско искуство.

Исто така, учениците од деветто одделение на 25.10.2023 го посетија Основниот суд во Куманово и се запознаа со начинот на работа и донесување судски одлуки. Посетата е слободна ученичка активност по предметот граѓанско образование.

15.ноември- По повод 75 години постоење под мото *" Со љубов пееме за тебе"* се оддржа натпреварот по англиски јазик од 5то до 9то одделение.

15.ноември-По повод *Месецот на книгата* во библиотеката “Тане Георгиевски” се оддржаа креативни работилници за учениците од V одделение:

*1. Квиз за обработена лектира: "Пајажината на Климентина".*

*2. Работилница на тема: “Различни, а исти" со која се испрати силна порака за меѓучовечки односи, вредности и чувства на емпатија и алтруизам.*

*3. Запознавање со попознатите митологии, митски суштества, јунаци и божества преку работилницата: "Запознавање со митовите".*

Големо БРАВО за учениците и нивните ментори Ивана Колевска, Анета Станковиќ – Јанковска, Божурка Насковиќ и Сузана Велковска

15.ноември- Во организација на Друштво на писатели-Куманово, во среда на 15.11 се одржа литературно-музичка вечер на којашто беа доделени награди и благодарници за учесниците.

16.ноември-По повод Патрониот празник на нашето училиште се одржа ликовен конкурс по предметот *Ликовно образование* во две категории 6 и 7 одделение и 8 и 9 одделение.

16.ноември-Современа еколошка бајка *"Зелената кралица"* од авторот Анита Димовска, наша сограѓанка, е дел од Збирката бајки "Детелинки белинки" која беше претставена пред учениците од V одд. Екологијата е секогаш актуелна тема, а на таа тема се разговараше, читаше и црташе од причина што постојано треба да се поттикнува еколошката свест кај децата. Задоволство беше да се следи секој збор од авторот кој преку бајката даде многу поучни совети за чување и заштита на околината, за рециклирање и реупотреба на разни материјали.

20.ноември-ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски"-Куманово, организираше завршна манифестација по повод "Месецот на книгата" која се одржа во Занаетчиски дом -Куманово. Нашите ученички твореа на ликовен натпревар на тема "*Кога би бил лик од книга"*.

02.декември-По повод Патронен празник на училиштето се оддржаа повеќе училишни натпревари. Учениците од шесто одделение твореа на тема *"Училишна химна"*. Литературен конкурс на тема *"Со љубов пишувам за тебе училиште мое"* во генерација VIIодд. Литературен конкурс на тема *„За тебе пееме со љубов"* за учениците од VIIIодд. Натпревари по математика за учениците од предметна и одделенска настава, натпревари по природни науки, натпревари по физика, хемија, француски јазик, историја и др.

03.декември-Јубилејна дваесетгодишна соработка со Францускиот Институт и Француската Амбасада, преку реализирање на проектот за рано изучување на францускиот јазик од I до V одд. По тој повод и по повод 75 години успешно работење на училиштето, организирана е приредба со ученици од билингвални паралелки, како и со ученици од VIII и IX одд. кои го изучуваат францускиот како втор јазик. Со презентација, песни, игри и поговорки за пријателство и мир во светот, учениците се претставија на овој свечен настан.

05.декември-Свечена приредба по повод *Патронен празник* на училиштето. Одбележување 75- годишно постоење на нашето училиште “Крсте Мисирков”.

05.декември – Извештај од активности. Првата мобилност од стартот на новиот Еразмус проект “Legend of us” се одвиваше во период од 27ти Ноември до 1ви Декември во градот Хаге, Германија. Три наши наставника присуствуваа на оваа мобилност во која ги споделија легендите на државите кои ги претставуваа. Домаќинот на првата мобилност и партнер училиштата од Р.Турција и Малта поминаа пет работни дена запознавајќи се со образовниот систем на секоја земја учесник во проектот и традицијата. Стартувавме со церемонија за добредојде, опис на проектот, разгледување на училиштето, имавме креативни работилници, избравме лого на проектот, учевме нов јазик “PlattDeutsch”, го посетивме градоначалникот на Хаге, присуствувавме на музички концерт во училиштето а како дел од проектот имавме и културолошки посети во градовите Норден, Бремен и Дорнум како и музејот за чај ( интересен податок дека баш во овој дел има најголема традиција за пиење на чај во светот). За впечатокот да биде уште подобар домаќините се потрудија да ни доловат еден мал дел од Божиќната традиција и посета на Божиќни маркети. Мобилноста заврши со доделување на сертификати за учество и договарање на датуми за следна мобилност во Малта.

12.декември- Во рамки на општинската лига одбојка-женски, ООУ "Крсте Мисирков" го освои третото место. Ментор: Магдалена Ѓ. Строимановска

14.декември- Учениците од второ и осмо одделение заедно со нивните наставници и професорката по музичко образование- Ирина Петковска, присуствуваа на предновогодишниот концерт во музичкото училиште “Панче Пешев”.

18.декември- Средба со наша сограѓанка, авторката Сузана Божиновска, ученици од V/в одделение и одделенскиот раководител Анета Станковиќ Јанковска. Промоција на басната *„ Лисицата и мечката “*, која на литературната манифестација „Гордана Коцева 2023“ освои прво место.

23.декември – Меѓународен атлетски митинг „ Мика Михајловски“ – Белград, ученикот од 8г Ведран Николовски освои 2 место на 60м.

24.декември - Меѓународен атлетски митинг во организација на АК Партизан во Белград, Ведран Николовски освои 3-то место на трка на 60м.

Втората планинарска акција за учениците кои слушаа теоретски предавања за планинарење како и останати заинтересирани деца и родители, беше реализирано до манастирот Карпино.

29 Февруар- имавме успешна акција за озеленување на дворните површини на нашето училиште со донација на садниците од ЈП

"Чистота и зеленило"

Учество во трета планинарска тура во Пелинце во соработка со планинарско друштво ЗПЗП Козјак 2013 Куманово.

Пошумување на Менкова Колиба на подготвен терен во соработка со планинарско друштво ЗПЗП Козјак

21 Март- Со еко-акција е одбележан денот на екологијата и денот на пролетта со мото Еко свест ја градиме со континуитет. За да биде уредно, чисто и зелено потребно е сите да придонесуваме...како на сликите (ученици, технички персонал, наставници, менаџментот, родителите, локалната заедница)

21 Март-По повод Светскиот ден на поезијата, во просторијата на училишната библиотека се одржа поетско читање. Настанот беше отворен од страна на учениците од IIIг паралелка кои со својот музичко- балетски настап симболично го најавија доаѓањето на пролетта. Младите љубители на пишаниот збор преточен во стихови од петто одделение, како и членови на библиотекарската секција, рецитираа поезија од македонски автори. Почесни гости на манифестацијата беа и претставници од Друштвото на писатели од Куманово. Тие присутните ги почестија со стихови од својата богата творечка ризница.

21 Март- одбележан е Денот на Даунов синдром преку работилница со ученици од Vодд. за подигање на свеста за прифаќање на лица со попреченост. Специјален едукатор и рехабилитатор Сандра Ангеловска од нашето училиште ги запозна учениците со карактеристиките на лицата со Даунов синдром, како доаѓа до ова хромозомско нарушување и како овие лица се прифатени во општеството. Иако по некои физички карактеристики тие се посебни и се со лесна интелектуална попреченост, соодветно образование и грижа за нив може да го подобри квалитетот на живот кај овие луѓе. Тие денес сè повеќе го оформуваат своето образование, се вработуваат и активно се вклучуваат во општествениот живот. Преку овие активности во училиштето, заедно со психологот Викторија Стојмановски, ја подигаме свесноста за прифаќање и поддршка на овие лица, како и јакнење на добрината и емпатијата. Учениците цртаа и боеја шарени чорапчиња како симбол на грешка во хромозомите, но и прифаќање на различностите.

25 Март- Учениците од Ученичкиот парламент самоиницијативно преземаа акција да се помогне на оние на кои им е најпотребна. Во соработка со наставниците по физичко и здравствено образование како и Тимот за поддршка на учениците, дел од облеката која е заборавена од страна на претходните генерации ученици во салата беше соберена исперена и уредно подготвена за донирање. Покрај тоа учествуваа и родителите кои се вклучија во оваа акција.Облеката беше донирана во просториите на Црвен крст- Куманово.

Во рамки на завршната манифестација на Презентација на проектот Размислиш пред да кликнеш Think before you clik нашето училиште и невладината организација Активум беа свечено доделени сертификати за учество во проектот на ученици и беше пуштена проекција на филмот - Размисли пред да кликнеш

30.03.2024 Работилница ЉУБОВ со ученици од Vв одд. Со учество на родител Јасмина Џело и наставничката Анета Станковиќ Јанковска, реализирана од психолог Викторија Стојмановски, заедно со учениците, родителката и наставничката ја разработивме темата за безвременското прашање “Што е љубов?“ со кое низ векови се занимавале најпознатите филозофи, уметници, писатели и психоаналитичари, но сепак се чини дека рационален и едноставен одговор на ова прашање е тешко да се даде и ден денес, бидејќи најверојатно и не постои. За љубовта секојдневно се зборува многу, а сепак се знае малку. Секој човек умее да сака и да ја живее љубовта на свој начин кој е поразличен од начинот на некој друг. Но, сепак децата знаат најубаво да ја насликаат и да ја покажат љубовта, а мајчината љубов е најсилна.

2 Април- Меѓународниот ден на лицата со аутизам, а нашето основното училиште го одбележа со работилница.

Одбележувањето всушност беше збир на креативени идеи и пораки коишто произлегоа од учениците во соработка со стручната служба, образовните асистенти и наставниците со поддршка од директорката. Обоени во сино, со повик за хуманост, заемно разбирање и за другарство, но и со личен печат од детските дланки, пораките треба да допрат до срцата на сите деца во светот. Да изградиме подобра иднина за децата со аутизам и да ги искористиме нивните потенцијали тие да бидат почитувани и еднакви граѓани во нашето општество е основата на инклузивното образование во нашето училиште.

12 Април -Со почит кон нивната професија, нашите гости Магдалена Барџиќ (адвокат) и Владимир Барџиќ (мастер шеф готвач) презентираа за првите почетоци и успехот во нивната кариера. Со воодушевување кон својата професија посочија дека и двајцата биле инспирирани од своите родители и секако учители. А, за да бидете успешни, првото нешто што треба да го направите е да се заљубите во вашата работа. „Страст. Тоа е тајната на секоја успешна кариера“. За да се успее во работата треба да бидеме, смели, поинакви и први, посочи ценета адвокатка. Во разиграна и позитивна работна атмосфера, учениците се запознаа со многу новитети, поими и многу корисни совети. Имаа можност да поставаат многу прашања и секако да добијат соодветен и професионален одговор. Тргнувајќи од мотото на нашиот Мастер шеф – „ Готвењето е занает, а не уметност“ се достигнува врвот на инспиративното готвење. Задоволството беше уште поголемо кога се засладија и од слаткото направено од вештите раце на нашиот професионален шеф. Па затоа, драги ученици одберете ја професијата со верба во сопствената инспирација. Голема благодарност до нашите гости и психологот на училиштето.

22 Април-Книгата е богатство кое нема цена.Без книга си при очи слеп ,а при уши глув. Таа е најголема ризница на мудроста .

Нашите ученици,љубители на книгата и пишаниот збор, под менторство на нивните наставници,го посетија Саемот на книгата во Скопје. Штандовите

беа преполни со разни енциклопедии, лектири за учениците, книги од македонски и странски автори.Како читатели имавме тешка задача која од нив да ја одбереме.Среќни и задоволни, со желба за читање се вративме дома.

15 Април- „ Хепи Хипо Шоу“- за кохезивно и инклузивно општество

15 -19 април, нашите ученици и професори, беа составен дел од втората мобилност на проектот Еразмус +, чиј домаќин беше Малта. Многу срдечно и гостопримливо бевме пречекани во училиштето St .Benedict College ,каде се реализираа предвидените активности од програмата насловени како Legend of us. Имавме прекрасна соработка меѓу млади луѓе, презентирање на нивните хумани легенди , запознавање и дружење на ученици од Германија, Турција и Малта. Освен работниот ангажман, следуваа бројни и занимливи активности за учениците , како Treasure Hunt –преку игра и забава да се дојде до посакуваната цел и учење и откривање на многу знаменитости на еден интересен и поинаков начин.Научивме дека Малта е прекрасна островска земја во средиштето на Медитеранот која плени со своите природни богатства, прекрасното тиркизно море и автентичната храна во која едноставно уживавме.

1-ден. Отварање на церемонија во училиштето , поздравен говор и топло добредојде од страна на директорот. Разгледување на училиштето и презентирање на програмата и активностите по денови.Запознавање на учениците меѓу себе, задавање на задача за откривање на ‘’тајната просторија’’-каде ,всушност, се виде големината, современоста и опременоста на просториите во училиштето.Преку презентации ги претставивме нашите големи хумани легенди Тоше Проески и Мајка Тереза и нивните незаменливи хумани дела кои претставуваат голем чекор во човештвото.

2-ден. Подготовка и пишување на заедничко сценарио со помош на наставниците- ментори, давање на заеднички идеи и мислења за подготовка на заедничка драмска претстава. Цртање на платно на заедничка тема каде беа опфатени легендите на сите четири држави. Нашата ученичка Уна Трајковска нацрта прекрасно уметничко дело кое беше оставено како спомен, подарок за училиштето-домаќин.

Посета на археолошки музеј и неолитските храмови Hagar & Qim и Mnajdra, дамнешни остатоци направени од камен кои сведочат за постоење на овој остров милиони години наназад.Посета на пештерата Blue Grotto –атракција во форма на желка која ги мами туристите ширум светот и прекрасниот пејзаж нема да ве остават рамнодушни поттикнувајќи го вашиот авантуристички дух.

3-ден. Изведба на драмата со заедничко сценарио од страна на учениците , носење на традиционалните костими потенцирајќи ги автентичноста и личниот израз, како и специфики на секоја земја.Да се задржи сопствениот израз и стил на секоја земја, а да се направи заедничка претстава со акцент на хуманоста беше навистина голем успех кој го постигнаа учениците.

Посета на Медина-европски пример за древен град со ѕидини, мешавина од средновековна и барокна архитектура. Наречена ‘’тивкиот град’’била и

останала бедем на храброст и непобедливост.

4-ден.Посета на главниот град Валета- ставен на списокот на светска заштита на УНЕСКО. Град со малечки улички но, голема душа која избива од секоја пора на жолтиот камен кој се разлева како злато. Посета на прекрасната, средновековна катедрала Ст. Џонс, една од најубавите и најгламурозни во Европа каде е сместено ремек делото на познатиот уметник Караваџо. Прекрасната градина во која ќе го доживеете најубавиот панорамски поглед во Малта кој ќе ве остави без здив.

5-ден. Завршна церемонија и доделување на сертификати.Групно фотографирање, размена на подароци и понекоја солза која го навестуваше завршувањето на оваа прекрасна дружба.

Упатување кон рибарско село Marsaxlokku во кое преовладува идилична атмосфера и каде шарените куќички прават спектакл од бои кои изгледаат како уметничко дело.Долж морската обала има многу ресторанчиња каде ја служат најубавата риба, а вие ќе уживате во прекрасното зајдисонце.

25 Април-Отворен ден во ООУ "Крсте Мисирков "

10 Мај- Нашето училиште во соработка со соседното партнер училиште "Браќа Миладиновци" ,  учествуваше на првата работилница “Ненасилно решавање на конфликти преку СМАРТ-табела” во соработка со невладината организација “Центар за толеранција и доживотно учење”.

Од нашето училиште учествуваа четири ученика од осмите одделенија заедно со наставникот-ментор.

20Мај- ООУ„ Крсте Мисирков“  организираше уште една крводарителска акција.

20 Мај- Меѓународен ден на пчелата. Пчелата е планетарното чудо од кое треба сите ние да учиме. Улогата на пчелите во екосистемот е огромна, па затоа треба да се подигне свеста за нивната важност како главни опрашувачи во природата од кои зависи опстанокот на целата планета. А за да знаеме повеќе за вредните пчелки и важноста на медот во исхраната, ни помогна нашата вредна родителка- пчеларка Драгана Ѓаковска. Таа учениците од III а одделение на интересен и сликовит начин ги воведе во пчеларството и животната филозофија на нејзиното височество-пчелата.

1 јуни- Како продукт од меѓународниот проект „Креативна примена на нови наставни техники“ изготвен е дигитален прирачник во кој се сместени

78 наставни техники, нови или модифицирани, изработени од одделенски наставници и применети во наставата по различни наставни предмети. Во Прирачникот ќе ги пронајдете и новите наставни техники и активности кои ги изработија нашите одделенски наставници Маја Пандуревиќ, Станче Штерјовска, Сузана Велковска, Ивана Колевска, Анета Станковиќ Јанковска и Хилда Димитриевска.

3 јуни- Промотивна панел дискусија на Зборникот на трудови "Учителско наследство и развојната воспитно-образовна практика" се оддржа на 1.06.2024 во ПСУ "Јахја Кемал" во Скопје, на која учество зедоа наставниците од нашето училиште Станче Штерјовска, Хилда Димитриевска и Југослав Спасиќ, чии трудови се дел од овој Зборник. Стручните трудови беа презентирани во ООУ „Крсте Мисирков“ - Куманово 2019 кога училиштето беше домаќин и организатор на Регионалниот стручен собир по повод 70 години од првата генерација на учители на македонски јазик. На директорот на училиштето Александра Стаменовска во знак на благодарност и соработка и беше врачена благодарница и примерок од Зборникот трудови.

8 јуни- се оддржа меѓународната манифестација "Средби под јаворите- Видое Подгорец" преку која се поддржува ликот и делото на Подгорец и неговото богато литературно творештво. Оваа година се одбележаа 90 години од неговото раѓање. На распишаните конкурси учество зедоа и претставници од нашето училиште.
Прва награда за мултимедијален ИКТ проект за одделенски наставници и предметни наставници по македонски јазик инспириран од творештвото на Видое Подгорец беше доделена на Станче Штерјовска, проф по одденска настава, а втора награда на литературниот конкурс за Vодд на тема "Шарени бродови" на Коста Димитријевиќ Vбодд ментор Хилда Димитриевска.

12 јуни- Мрежата за искуствено учење (МИУ) е заедница на научно-едукативни установи која спроведува осмислени воннаставни активности за совладување на научни концепти за учениците од основно и средно образование во РСМ. Во фокусот на овој потфат од национално значење се популаризација на природни науки, кревање на свесноста за заштита на животната средина и намалување на лошото влијание на човекот врз климатските промени во природата. Учениците од Vб одд со одд. наставник Хилда Димитриевска и професорот по природни науки Јулија Трајановиќ го посетија националниот парк Галичица каде што реализираа едукативна работилница во улога на МЛАДИ РЕНЦЕРИ.
Работилницата ја водеше едукатор кој им даваше насоки и совети за работа и однесување на терен и во лабораторија, прибор и материјали за работа, а

учениците истражуваа, пронаоѓаа примероци и ги набљудуваа на микроскоп, цртаа и запишуваа. За крај секоја група осмисли игра во врска со растителниот и животинскиот свет што се среќава на Галичица и ја презентираше пред другите ученици.

Работилницата беше вистинско уживање за учениците, интересна , едукативна и посебна по својата концепција и реализација.

17Јуни- Доделување на награди на најдобрите ученици од ООУ „Крсте Мисирков“ за учебната 2023/24 година и Првенецот на генерацијата Моника Мишевска. Овие ученици се гордост на училиштето кои со извонреден успех и посветеност во текот на основното образование го промовираа училиштето на најдобар можен начин. Нивната трудољубивост, упорност и љубов кон учењето ги направија пример за сите.

23-29 јуни- Нашето училиште во соработка со соседното партнер училиште "Браќа Миладиновци" ,  учествуваше на летен камп  во Струга  во соработка со невладината организација “Центар за толеранција и доживотно учење”.

26 и 28 Јуни-театарска претстава „Авантурите на капетанот Џон Пипал Фокс“ подготвена од одделенски наставник Мерлин Стојановска

19-22 Јуни наставниците Југослав Спасиќ и Филип Колевски заедно со седум ученици од нашето училиште учествуваа на  меѓународни спортски игри „Жогарија-2024“ во Блед, Словенија каде што освоија високо Iвместо

**Нашите ученици учествуваа и на повеќе натпревари. Во продолжение следат наградени ученици и нивни ментори:**

За 75 години постоење под мото" Со љубов пееме за тебе" се оддржа натпреварот по англиски јазик од 5то до 9то одделение. Ова се најтрудољубивите ученици по повод патрониот празник

| | | |
|---|---|---|
| V одделение-ментор Сања Алексовска-Цветковиќ<br>I место Илина Додевска Va<br>II место Емили Петрушевска V в<br>III место Илина Младеновска V a | VII одделение-ментор Ивана Спасевска<br>I место Уна Трајковска VIIв<br>II место Антонија Петковска VIIв<br>III место Борјан Бошковски VIIб<br>III место Роко Шуниќ VIIa | IX одделение-ментор Жаклина Доневска<br>I место Нина Милошевска IX г<br>II место Каја Трајковиќ IXг<br>III место Мила Максимовска IXб |
| VI одделение - ментор Емилија Стојановска<br>I место Петар Китановски VIa<br>II место Софија Стојановска VIг | VIII одделение-ментор Ивана Димковска-Трајковска<br>I место Влатко Ставревски VIII в<br>II место Лара Бошковска VIII в | |

| | | |
|---|---|---|
| III место Дариа Трајковски VIа<br>Немања Трајковиќ VIа<br>Бојана Ѓошевска VI г<br>Софија Стефановска VIд | III место Софија Дамјановска VIIIб | |

На ликовниот конкурс по предметот Ликовно образование во две категории 6 и 7 одделение и 8 и 9 одделение при што наградени се следниве ученици:

| 6 и 7 одделение | 8 и 9 одделение |
|---|---|
| I место - Ксенија Иванчевиќ 6г одд. | I место - Лина Штерјовска 9г одд. |
| II место - Уна Трајковска 7в одд. | II место - Софија Дамјановска 8б одд. |
| II место - Михаела Глигоријевска 6г одд. | III место - Евгенија Трајковска 8б одд |
| III место - Ева Стојмановска 6г одд | |

Учениците од шесто одделение твореа на тема: „Училишна химна"

I награда: Анастасија Стојмановска VIб;

II награда: Јована Лазаревска VIг;

III награда: Софија Стефановска VIд одделение. Ментор: Тања Петрушевска

Литературен конкурс на тема "Со љубов пишувам за тебе училиште мое" во генерација VIIодд.

I награда: Нина Мицевска VIIа,

II награда: Антонија Петковска VIIв

III награда: Јована Панева VIIд. Ментор: Сузана Цветковиќ

**Литературен конкурс на тема: „За тебе пееме со љубов" за учениците од VIIIодд:**

I награда: Нина Илијевска - VIII в

II награда: Софија Милановска -VIII г

III награда: Мила Младеновиќ - VIII г Ментор: Билјана Димковска

**Резултати од натпревар по математика:**

| | | |
|---|---|---|
| Натпревар по математика за IVодд:<br>I место: Марко Јанчиќ IVа, ментор Елена Младеновиќ<br>II место: Дина Дилевска и Лина Стојчевски IVб ментор Станче Штерјовска<br>III место: Сергеј Стефановски IVд ментор Ивана Ивановска Пешиќ | Натпревар по математика за VI одд:<br>I место: Петар Груевски<br>II место: Михаела Глигоријевска и Софија Стефановска<br>III место: Дариа Трајковски<br>Ментор:Весна Станковска | Натпревар по математика за VIII одд:<br>I место: Теодор Даутовски<br>II место: Теа Додевска<br>III место: Петра Крстевски<br>Ментор: Биљана Тасевска Станковиќ |
| Натпревар по математика за Vодд:<br>I место: Димитриј Михајловски, Хана Крстевска, Лука Ивановски Vв<br>II место: Дамјан Барџиќ Vв<br>III место: Михајло Пауновиќ Vв<br>Ментор: Анета Станковиќ Јанковска | Натпревар по математика за VII одд:<br>I место: Михаил Стојановски<br>II место: Роко Шуниќ<br>III место: Дорис Чугунцалиев<br>Ментор: Биљана Петрушевска | Натпревар по математика за IX одд:<br>I место: Ана Цветковска<br>II место: Софија Максимовиќ<br>III место: Моника Мишевска, Лина Крстевски<br>Ментор: Фросина Младеновиќ |

**Резултати од натпревар по физика:**

| | |
|---|---|
| Натпревар по физика за VIII одд:<br>I место: Теодор Даутовски<br>II место: Софија Дамјановска<br>III место: Петра Крстевски<br>**Ментор: Владимир Јовановиќ** | Натпревар по физика за IX одд:<br>I место: Ана Цветковска<br>II место: Лина Крстевски<br>III место: Лора Николовска<br>**Ментор: Владимир Јовановиќ** |

**Резултати од натпревар по природни науки:**

| | |
|---|---|
| Квиз натпревар по природни науки IVа одд.<br>I место: Марко Јанчиќ<br>II место: Лара Антевска<br>III место: Ана Цветковска<br>Пофалени: Илина Соневска и Димитриј Шуниќ Ментор : Елена Младеновиќ IVб одд.<br>I место: Дина Дилевска<br>II место: Давид Николовски<br>III место: Стефан Цветковиќ<br>Пофалени: Калин Илијевски и Никола Аскелиевски Ментор: Станче Штерјовска IVв одд.<br>I место: Константина Тасевска<br>II место: Ангелина Јеремиќ<br>III место: Леона Наковска<br>Пофалени: Благоја Стојанов, Сара Николовска Ментор: Славица Петковска IVг одд.<br>I место: Ландон Вваде Боллиер<br>II место: Инес Агуш<br>III место: Жељко Свилар<br>Пофалници: Симона Ѓоргиевска и Вељко Манчиќ Ментор: Светлана Додевска IV д одд.<br>I место: Мила Петковска<br>II место: Ања Ристевска<br>III место: Амина Сакиповска Пофалници: Сара Крстевска и Марко Лалевски Ментор: Ивана Ивановска -Пешиќ | Натпревар по природни науки за Vодд:<br>I место: Андреј Јовчевски Va,<br>Михаил Ристовски Vб<br>II место: Зоја Стаменковиќ Vб<br>III место: Вељко Максимовиќ, Маша<br>Маринковиќ, Петар Велковски Vб<br>Ментор: Јулија Трајановиќ |

Натпревар по француски јазик за IX одделение по повод патронен празник

I место- Нина Милошевска IX г II место-Лора Николовска IXг III место-Моника Мишевска IX б Ментор-Виолета Трајковска

Во организација на Друштво на писатели-Куманово, во среда на 15.11 се одржа литературно-музичка вечер на којашто беа доделени награди и благодарници за учесниците. Нина Милошевска од IX г освои второ место. Ментор: Магдалена Милковски

ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски"-Куманово, организираше завршна манифестација по повод "Месецот на книгата" која се одржа во Занаетчиски дом -Куманово. Нашите ученички твореа на ликовен натпревар на тема "Кога би бил лик од книга".
Евгенија Лазаревска 6-в одд. освои 2 место и Моника Мишевска 9-б одд. освои 3 место.

По повод патронен празник се одржаа повеќе спортски активности-натпревари во нашето училиште. За одделенската настава се одржаа Игри без граници, а за предметната настава натпревари. Турнир во одбојка за женски, а футсал машки за 7-мо одделенија. Се одржа натпревари со други училишта за 8-9-то одделение, конкретно кошарка за машки со ОУ Браќа Миладиновци, а одбојка за женски со ОУ Кочо Рацин во кои нашите екипи беа победнички.

2.2.2024 **Резултати од Општински натпревар по математика**

| | | |
|---|---|---|
| Четврто одделение<br>Сара Крстевска – II награда, ментор:Ивана И.Пешиќ<br>Благоја Стојанов - II награда, ментор:Славица Петковска<br>Немања Радошевиќ – III награда, ментор:Станче Штерјовска<br>Марко Јанчиќ-III награда, ментор:Гордана Грговска<br>Данило Ѓорѓиевски–III награда, ментор:Славица Петковска<br>Давид Николовски-пофалница, ментор:Станче Штерјовска | Петто одделение<br>Хана Крстевска–II награда,<br>ментор:Анета Ј.Станковиќ Коста Димитријевиќ–II награда,<br>ментор:Хилда Димитриевска Лука Ивановски - II награда,<br>ментор:Анета Ј.Станковиќ Димитриј Михајловски-II награда<br>ментор:Анета Ј.Станковиќ Дамјан Барџиќ - II награда,<br>ментор:Анета Ј.Станковиќ Вељко Максимовиќ–III награда,<br>ментор:Хилда Димитриевска Ана Алексиќ – III награда,<br>ментор:Хилда Димитриевска Михаил Ристовски–III награда,<br>ментор:Хилда Димитриевска Зоја Стаменковиќ–пофалница,<br>ментор:Хилда Димитриевска Наума Трајковска–пофалница,<br>ментор:Хилда Димитриевска | Осмо одделение<br>Петра Крстевски–пофалница,<br>ментор:Биљана Т. Станковиќ |

| | | |
|---|---|---|
| Шесто одделение<br>Петар Груевски- пофалница,<br>ментор:Весна Станковска<br>Немања Трајковиќ–пофалница,<br>ментор:Ивана Стоилковска | Седмо одделение<br>Михаил Стојановски-III награда,ментор:Биљана Петрушевска | Деветo одделение,<br>Ана Цветковска–III награда,<br>ментор:Фросина Младеновиќ<br>Лина Крстевски–пофалница,<br>ментор:Фросина Младеновиќ |

16.2.2024 **<u>Резултати од Општински натпревар по природни науки</u>**

Ментор Снежана Јовановска

Наталија Николиќ, VIв,

II награда Максим Јаневски, VIв,

III награда Софија Стефановска, VIд,

II награда Лана Чакар, VIд,

II награда Петар Китрановски, VIв,

II награда Немања Трајковиќ, VIв,

II награда Евгенија Лазаревска, VI в,

II награда Дариа Трајковска, VI а,

III награда Петар Груевски, VIа,

III награда Агела Костадиновска,VII б, доби пофалница и се пласира за учество на регионален натпревар.

17.2.2024 **<u>Резултати од општински натпревар по географија</u>**

Влатко Ставревски 8 одд.-100 поени

Александар Николиќ 8 одд.-100 поени

Нина Милошевска 9 одд.- 98 поени

Лора Николовска 9 одд.-95 поени

Петар Јовановски 9 одд.-92 поени.

23.2.2024 **Резултати општинскиот натпревар по природни науки**

| Ментор на IVа одд. - Гордана Грговска | Ментор на IV б одд- Станче Штерјовска | Ментор на IVв одд.- Славица Петковска | Ментор на IVг одд. Светлана Додевска | Ментор на IV д одд. - Ивана И. Пешиќ |
|---|---|---|---|---|
| Марко Јанчиќ –I награда<br>Илина Соневска - II награда<br>Николина Раденковиќ-III награда<br>Јана Јакимовска-III награда | Никола Аскелиевски - I награда<br>Давид Николовски- I награда<br>НемањаРадошевиќ- I награда<br>Петар Спасиќ- I награда<br>Лина Стојчевски- I награда<br>Петар Мирчевски- I награда<br>Леонид Петрушевски-II награда<br>Доминик Стевковски-II награда<br>Стефан Цветковиќ-II награда<br>Јаков Јовановиќ-III награда<br>Дина Дилевска-III награда<br>Илијана Лазаревска-III награда<br>Михаил Милевски-III награда | Благоја Стојанов – I награда и I место во општина Куманово<br>Ангелина Јеремиќ – II награда<br>Гала Поповска - II награда<br>Данило Ѓорѓиевски – III награда<br>Сара Николовска – III награда<br>Леона Наковска – III награда<br>Константина Тасевска – III награда | Ландон Вваде Боллиер-II награда<br>Калина Манасиевска-III награда | Сара Крстевска-III награда<br>Дамјан Додевски-III награда<br>Мила Петковска-III награда |

23.2.2024 год. **<u>Резултати од општински натпревар по хемија</u>**.

| | |
|---|---|
| VIII одд ментор Снежана Неделковска<br>. Софија Дамјановска III награда<br>Лара Бошковска успешно учество | IX одд. ментор Снежана Неделковска<br>Моника Мишевска I награда<br>Марко Кировски III награда<br>Софија Максимовиќ III награда<br>Марија Нацевска III награда<br>Миа Денковиќ III награда |

23.2.2024 **<u>Резултати од општинскиот натпревар по биологија</u>**

Моника Мишевска I награда

Ангела Стефановска I награда

Марко Кировски II награда

Каја Трајковиќ II награда

Марија Нацевска II награда

Михаил Костадиновски пофалница

28.2.2023 **<u>Резултати од општински натпревар по природни науки за V одделение</u>**

| Ментор, наставник Јулија Трајановиќ | | | |
|---|---|---|---|
| Андреј Спасовски - I награда | Андреј Јовчевски - II награда<br>Дамјан Барџиќ - II награда<br>Илина Додевска - II награда | Ива Цветковска - III награда<br>Зоја Стаменковиќ - III награда<br>Лука Ивановски - III награда | Неда Темелковски - Пофалница<br>Александра Насковска - Пофалница |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ива Гвозденовиќ - II награда<br>Михаил Ристовски - II награда<br>Димитриј Михајловски- II награда<br>Огнен Јовановски - II награда<br>Клара Спасовска -II награда<br>Лара Ивановска - II награда<br>Петар Велковски -II награда<br>Матеа Михајловска -II награда<br>Вељко Максимовиќ -II награда<br>Маша Маринковиќ - II награда | Хана Крстевска - III награда<br>Огнен Петровски - III награда<br>Леон Петковски- III награда<br>Дина Пецевска - III награда | |

2.3.2024 Нашето училиште беше домаќин на Регионалниот натпревар по математика.

Учениците од нашето училиште ги освоија следниве награди:

IX одд. Ана Цветковска III награда - ментор Фросина Младеновиќ

VII одд.- Михаил Стојановски- пофалница - ментор Биљана Петрушевска

V одд. Дамјан Барџиќ II награда,

Хана Крстевска II награда

Димитриј Михајловски III награда

Лука Ивановски - пофалница - ментор Анета Станковиќ Јанковска IV в одд.

Благоја Стојанов I награда - ментор Славица Петковска

Марко Јанчиќ I награда - ментор Гордана Грговска

Давид Николовски III награда

Немања Радошевиќ III награда - ментор Станче Штерјовска

Сара Крстевска III награда - ментор Ивана Ивановска Пешиќ

13.3.2024 **На општинскиот натпревар во кошарка** за ученици од VI и VII одделение учесниците од нашето училиште се закитија со трето место.

16.3.2024 **Регионален натпревар по географија**

Лора Николовска -9г одд. прво место

Нина Милошевска-9г одд. второ место

Влатко Ставревски-8в одд. прво место

ментор Валентина Келешова

16.3.2024 **Општински натпревар по англиски јазик**

Илина Додевска Vг - II награда

Емили Петрушевска Vв - III награда

Ментор: Сања Цветковиќ

Китановски Петар 6а - III награда

Стојановска Софија 6г-III награда

ментор Емилија Стојановска

Уна Трајковска VIIв- I награда

Антонија Петковска VIIв - II награда Ментор: Нина Трајковска

Лара Бошковска VIIIв-II награда

Влатко Ставревски VIIIв-III награда

Ментор:Ивана Димковска-Трајковска

Нина Милошевска 9г - II награда

Каја Трајковиќ 9г - II награда

ментор Жаклина Доневска

На ден 16.2.2024 и 23.2.2024 беа одржани **Општински натпревари по билогија** за шесто и седмо одделение. Под менторство на наставник Снежана Јовановска следниве ученици освоија награди:

Наталија Николиќ, VIв, II награда

Максим Јаневски, VIв, III награда

Софија Стефановска, VIд, II награда

Лана Чакар, VIд, II награда

Петар Китрановски, VIв, II награда

Немања Трајкович, VIв, II награда

Евгенија Лазаревска, VI в, II награда

Дариа Трајковска, VI а, III награда

Петар Груевски, VIа, III награда

Агела Костадиновска, 7 б, доби пофалница и се пласира за учество на регионален натпревар

10.04.2024 **Регионалниот натпревар по природни науки за 5 одделение**

Ментор, наставник Јулија Трајановиќ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Андреј Спасовски - I награда | Хана Крстевска - II награда | Дамјан Барџиќ - III награда | Маша Маринковиќ - пофалница |
| | Андреј Јовчевски - II награда | Леон Петковски - III награда | Александра Насковска - пофалница |
| | Лука Ивановски - II награда | Матеа Михајловска - III награда | Ива Цветковска - пофалница |
| | Зоја Стаменковиќ - II награда | Огнен Јовановски - III награда | Неда Темелковски - пофалница |
| | | Илина Додевска - III награда | Клара Спасовска - пофалница |
| | | Вељко Максимовиќ - III награда | Дина Пецевска - пофалница |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Пласман на државен натпревар обезбедија:**<br>**Андреј Спасовски**<br>**Хана Крстевска**<br>**Андреј Јовчевски**<br>**Лука Ивановски,Зоја Стаменковиќ** | | Лара Ивановска - III награда<br>Петар Велковски - III награда<br>Михаил Ристовски - III награда<br>Огнен Петровски - III награда<br>Димитриј Михајловски- III награда<br>Ива Гвозденовиќ - III награда | |

12.04.2024 **<u>Општинско првенство за основни училишта - прво коло</u>**.

Повторно најуспешно училиште со освоени вкупно 6 медаљи, а од кои 3 златни медали.

Соодветно на тоа нашите ученици обезбедија уште сега 4 директни пласмани за Државното првенство во атлетика.

Стефан Ивановски: трка на 60м за (2-3 одд)

Миа Голубовска: трка на 100м за (8-9 одд)

Ведран Николовски: трка на 100м за (8-9 одд)

Ива Гвозденовиќ: трка на 60м за (6-7 одд)

Марко Ѓуровски: фрлање ѓуле за (8-9 одд)

Владимир Паневски: фрлање ѓуле за (8-9 одд)

13.04.2024 **<u>Резултати од регионален натпревар по природни науки за IV одд.</u>**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| IVа Ментор Гордана Грговска<br>Марко Јанчиќ I награда<br>Илина Соневска III награда<br>Јана Јакимовска III награда | IVб одд. Ментор Станче Штерјовска<br>Никола Аскелиевски I награда<br>Доминик Стевковски I награда | IVв одд. Ментор Славица Петковска<br>Благоја Стојанов III награда<br>Ангелина Јеремиќ III награда | IVг Ментор Светлана Додевска<br>Лендон Вваде Боллиер III награда | IVд одд. Ментор Ивана Ивановска Пешиќ<br>Сара Крстевска II награда<br>Мила Петковска III награда |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Николина Раденковиќ пофалница | Лина Стојчевски I награда<br>Петар Мирчевски I награда<br>Илијана Лазаревска II награда<br>Давид Николовски II награда<br>Немања Радошевиќ II награда<br>Михаил Милевски III награда<br>Петар Спасиќ III награда<br>Стефан Цветковиќ III награда<br>Дина Дилевска III награда<br>Леонид Петрушевски III награда | Сара Николовска III награда<br>Гала Поповска III награда<br>Данило Ѓорѓиевски III награда<br>Леона Наковска III награда<br>Константина Тасевска III награда | Калина Манасиевска - пофалница | Дамјан Додевски пофалница |

13.04.2024 **Регионалниот натпревар по англиски јазик**, на кој бевме домаќини.

| | | |
|---|---|---|
| Илина Додевска Vг - трета награда.<br>Емили Петрушевска Vв - пофалница.<br>Ментор: Сања Цветковиќ | Софија Стојановска - VIг III- награда<br>Петар Китановски - VIа - пофалница<br>Ментор: Емилија Стојановска | Уна Трајковска VIIв- I награда, најдобар резултат во регионот и пласман на државен натпревар<br>Антонија Петковска VIIв - II награда и пласман на државен<br>Ментор: Нина Трајковска |
| Лара Бошковска VIIIв-III награда<br>Влатко Ставревски VIIIв-II награда и пласман на државен Ментор:Ивана Димковска-Трајковска | Нина Милошевска IXг - III награда<br>Каја Трајковиќ IXг - пофалница<br>ментор Жаклина Доневска | |

13.04.2024 **Регионалниот натпревар по македонски јазик** кој се оддржа во ООУ ‘’11 Октомври’’ Куманово. Нашите ученици покажаа дека се најдобри и постигнаа одлични резултати.

| | |
|---|---|
| Шесто одделение, ментор: Тања Димитриевска<br>Лана Чакар, 1 награда (прва во регион 96/100), пласман на Државен натпревар;<br>Немања Трајковиќ, 2 награда ,пласман на Државен натпревар; | Седмо одделение, ментор: Сузана Цветковиќ<br>Сара Симоновиќ, 2 награда,пласман на Државен натпревар;<br>Ена Максимовиќ, 3 награда, пласман на Државен натпревар |
| Осмо одделение, ментор:Билјана Димковска<br>Давид Јовчевски, успешно учество; | Деветто одделение, ментор: Габриела Живиќ<br>Нина Милошевска, 3 награда,пласман на Државен натпревар;<br>Марија Нацевска, успешно учество |

18.04.2024 **Второто коло од општинската лига во атлетика на атлетската патека** во Соколана со програма на атлетски дисциплини 300м, скок во далечина, но и трки на 60м за 4-5 одделение.

Најуспешни од нашите ученици беа:

Ведран Николовски - 1 место , трка на 300м.

Ведран Николовски - 1 место , скок во далечина

Ксенија Иванчевиќ - 1 место, скок во далечина

Теодор Даутовски - 3 место, скок во далечина

Ива Гвозденовиќ - 2 место, трка на 60м за 4-5 одд.

Димитриј Стефановски -1 место, трка на 60м за 4-5 одд.

Лазар Маневски - 3 место, трка на 60м за 4-5 одд.

26.04.2024 **Општинско првенство за основни училишта - трето коло** со златни медали во 3 од 4 поединечни атлетски дисциплини. Вкупно освоени 6 одличја односно 6 пласмани на пиедесталот ( во топ 3).

Клеа Петрушевска: трка на 600м за (8-9 одд)

Ведран Николовски: трка на 800м за (8-9 одд)

Теодор Даутовски: скок во височина за (8-9 одд)

Марко Ѓуровски: скок во височина за (8-9 одд)

Илина Ивановска: скок во височина за (8-9 одд)

Женска штафета (Гвозденовиќ, Иванчевиќ, Голубовска, Чунгуцалиев) 4×100м за (8-9 одд)

11.05.2024 На **Општинскиот натпревар по Прва помош** организиран од Црвен Крст на РС Македонија - ОО Куманово, учествуваат 8 екипи од основни училишта и 5 екипи од средни училишта. Нашата екипа во категорија на основни училишта го освои второто место за: Укажување на прва помош на повреден и Дисеминација на Црвен Крст. Најважно е што на овој прекрасен ден и професионално организиран натпревар видовме скоро 100 млади и хумани луѓе кои се оспособени, организирани и подготвени за укажување прва помош на повреден на било кое место. Голема благодарност на младите волонтери, а особено на Леонтина Јордановска која го подготвуваше нашиот тим. Честитки за:
Лина Стојмановска, Евгенија Трајковска, Јана Лазаревска, Јована Станковска, Јана Бојковска, Демирана Сакиповска.

11.05.2024 На **Државното првенство во атлетика** што се одржа на Градскиот стадион во Охрид на 11 мај настапија неколку наши ученици во повеќе атлетски дисциплини од кои во 5 дисциплини успеаа да се закитат со медаљи:

Марко Ѓуровски 2 место - фрлање ѓуле

Теодор Даутовски 3 место - скок во височина

Клеа Петрушевска 3 место - 600м

Ведран Николовски 3 место - 300м

Ведран Николовски 3 место - скок во далечина.

Добар настап со пласман во топ 6 имаше и Миа Голубовска и Ксенија Иванчевиќ.

11.05.2024 Една од најдобрите математичари во државата е нашата ученичка, Ана Цветковска од девето одделение, која на Државен натпревар освои II награда. ментор Фросина Младеновиќ

20.05.2024 **<u>Државниот натпревар по англиски јазик</u>** кој се одржа на 18.5 во Скопје во организација на ЕЛТАМ:

| VII одделение | VIII одделение |
|---|---|
| Уна Трајковска - трета награда | Влатко Ставревски-трета награда |
| Ментор: Нина Трајковска | Ментор: Ивана Димковска-Трајковска |

На 17.05.2024 се оддржа **општински натпревар “Поети имитираме-изразно рецитираме”** со ученици од прво до петто одделение. Манифестацијата се оддржа во организација на Здружението ЗОН Учител на РСМ, со поддршка на библиотеката "Тане Георгиевски", Општина Куманово и Просветно дело.

На натпреварот наградени ученици од нашето училиште се:

Милица Јовановска III одд. втора награда, ментор: Маја Пандуревиќ

Николина Раденковиќ IV одд. втора награда, ментор: Гордана Грговска

21.05.2024 Учениците што учествуваа на Државното првенство во атлетика (11 мај, Охрид) беа на прием кај директорката со освоените медали.

На средбата учениците ги пренесоа своите впечатоци од натпреварот, а директорката ги пофали за освоените 5 медали (пласмани во топ 3). Учениците претходно учествуваа на општинското првенство каде што секој од нив освои 1 место во одредена атлетска дисциплина, а во исто време така и изборија "билет" за учество на Државното училишно првенство за основни училишта. Освен еден ученик што сега е 9 одд., сите други ученици се помлади, така што наредната година пак ќе може да учествуваат, се надеваме уште поуспешно.

На ден 18.05.2024 во просториите на факултетот за туризам Љубе Миленковски се одржа државен натпревар по Географија за основни училишта од Македонија. Нашето училиште зеде учество со три ученика кои постигнаа високи резултати. Горди сме на нив и во иднина им посакуваме многу успеси и уште поголеми пласмани:

Влатко Ставревски 8г одд втора награда

Нина Милошевска 9г одд втора награда

Лора Николовска 9г одд втора награда

Ментор Валентина Келешова

23.05.2024 На 23 мај во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Куманово на атлетската патека на училиштето Наце Буѓони се одржа училишен атлетски натпревар по повод државниот празник св. Кирил и Методиј.

Учество земаа 210 ученици од 8 Основни училишта од општина Куманово.

Учествуваа повеќе ученици од нашето училиште, а следниве ученици успеаа да направат пласман меѓу првите 3 :

- 1 место за нашата штафета за ученици до 5 одд во трката за мешана штафета 4x50 метри по 4 дечиња од секое училиште ( 2 машки и 2 девојчиња).

Штафетата беше во состав ( Стефан Ивановски, Ива Гвозденовиќ, Лазар Маневски, Борис Бурназовски)

- 2 место за Нина Сарафимовска на трка за девојчиња од 6 одд. на 200м
- 3 место за Ксенија Иванчевиќ на трка за девојчиња од 6 одд. на 200м
- 2 место за Клеа Петрушевска на трка за девојчиња од 7 одд. на 200м
- 3 место за Миа Голубовска на трка за девојчиња од 8-9 одд. на 200м
- 1 место за Ведран Николовски на трка за машки 8 и 9 одд машки на 400м.

